**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Јавна научна установа**
**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

# НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ ТРАУМАТА ВО ЛИТЕРАТУРАТА (2025-2026)

**Носител**: ЈНУ Институт за македонска литература – Скопје
**Времетраење на проектот**: август 2025 – октомври 2026
Проектот е поддржан од Министерството за образование и наука на РС Македонија
**Главен истражувач**: д-р Ана Мартиноска
**Членови на истражувачкиот тим**: д-р Наташа Аврамовска, д-р Илија Велев, д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, д-р Валентина Миронска-Христовска, д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, д-р Мишел Павловски, д-р Африм Реџепи, д-р Гоце Смилевски, д-р Соња Стојменска-Елзесер, д-р Дарин Ангеловски, д-р Славчо Ковилоски, д-р Славица Петровска-Ѓорѓевска, д-р Биљана Рајчинова-Николова, д-р Тамара Ќупева, д-р Ема Лакинска, д-р Сарита Трајанова, м-р Жарко Иванов, м-р Ана Јовковска, м-р Марина Цветаноска, м-р Винсент Вилчник, докторантка (ИМЛ), м-р Ѓоко Здравески, докторанд (Филолошки факултет „Блаже Конески“ и ИМЛ), м-р Сара Цветановска, докторантка (ИМЛ)

„Ние живееме во време на траума!“ (Kurtz, 2018: I) Поаѓајќи од тоа сознание, не нè изненадува зголемениот интерес за концептот на траумата во бројни научни дисциплини, вклучувајќи ги и полето на литературата и културолошките студии. Во последните години траумата стана концептуална и фундаментална карактеристика на културата во целина, па и во книжевните студии теоријата на траумата бара **нов начин на критичко читање на литературата**.

Кога се вели траума, се мисли на секоја патолошка ментална и емотивна состојба, психичка повреда предизвикана од катастрофални и далекосежни настани и тоа подеднакво се однесува на личните, индивидуални трауми, како и на колективните трауми на одредени изолирани, маргинализирани групи, но и на цели нации, држави, па дури и на траумите на глобално ниво. Во овој широк распон влегуваат теми од насилството и траумите на телото, преку природните катастрофи, војните, егзилот и миграциите, па сè до климатските промени и еколошката закана за светот или неодамнешната пандемија на ковид-19. **Релевантноста и импактот на темата** на траумата во полето на книжевните студии е врзана со блискоста со темата на меморијата и идентитетот, во кои личното и колективното се преплетуваат на комплексен начин и влегуваат во комплицирани интеракции со биолошкото, психолошкото, политичкото и културолошкото. Исто така, еден од критичните проблеми за теоријата на книжевната траума е етиката, во смисла дека давањето морални судови за некоја траума, понекогаш може да се претвори во зборување за трауматизираните на некоректен начин. Дополнителен проблем може да биде тенденцијата на мешање на моделите на индивидуална траума со моделот на колективна траума, кога се користат слични пристапи за да се опишат инхерентно различни искуства.

**Фокусот на истражувањата** во нашиот проект ќе биде ставен на македонската литература создавана во различни периоди, а врзана со темата на траумата. Со оглед на тоа дека самата област на студиите по траума е врзана со психоаналитичкиот пристап во книжевноста, со социолошките и културолошки проучувања, со прашањата на етиката и филозофијата, тоа ќе значи вклучување на сознанија и научна апаратура од повеќе различни дисциплини и интердисциплинарен карактер, со што ќе понуди и основа за елаборирање на понатамошни можности за критичкото толкување на  траумата. Уште од Фројдовите анализи со кои се одредуваше прекумерната природа на траумата како удар однадвор кој го крши заштитниот ѕид на кревката индивидуа, книжевните студии влечат потекло од психоаналитичките анализи. Низ различните периоди на историјата, и со тоа различните периоди во проучувањето на литературата, полето на траумата постојано се провлекувало, од модерната па сè до деконструкцијата како книжевен пристап кој ги бара трауматските синдроми не само во нашите тела и умови, туку и во самиот јазик. Се разбира, овие иницијални проучувања на траумата покажаа дека таа предизвикува особено тешки проблеми во однос на нејзината репрезентација во литературата, па јасно е дека со време тие се продлабочуваат, еволвираат и добиваат нови форми.

Во таа смисла, денес траумата во литературата е исклучително **актуелно поле на истражување**, за што сведочат објавените изданија на некои од најрелевантните европски академски центри во последната деценија, како првото издание на „The Routledge Companion to Literature and Trauma" (Edited By Colin Davis, Hanna Meretoja, Copyright Year 2020), зборниците „Trauma and Literature" (Edited by J. Roger Kurtz, Cambridge University Press, 2018), „Trauma in Contemporary Literature: Narrative and Representation" (Edited By Marita Nadal, Mónica Calvo, Routledge, 2014) и „The Future of Trauma Theory: Contemporary Literary and Cultural Criticism" (Edited By Gert Buelens, Samuel Durrant, Robert Eaglestone, Routledge, 2014) и др. Во рамки на нашата институција, во склоп на претходни проекти, работени како македонско-словачка академска соработка веќе се истражувани поединечни теми кои се допираат на темата на траумата, а на ова прашање му беа посветени и два броја на Институтското списание „Филолошки студии", кое се издава во соработка со универзитети од пет земји. Сепак, сметавме дека темата на траумата, на која во светските академски центри ѝ посветуваат и цели студиски групи, заслужува поцелосно, потемелно и пофокусирано научно истражување во проект кој, темелејќи се на досегашните сознанија, ќе отвори ново поглавје во македонската книжевно-историска наука и ќе ги **продлабочи научните знаења** во однос на оваа провокативна и актуелна тема. 24 истражувачи ќе понудат свои оригинални толкувања на траумата во сите развојни етапи од македонската книжевност, како

наша книжевна меморија и идентитетска одредница од средниот век, преку народната литература и 19 век, се до современата книжевна продукција.

Во рамки на проектот предвидена е **научна/дебатна работилница** за размена на теориски знаења врзани со темата, како поддршка во почетната фаза на работа на трудовите, особено значајна за помладите соработници и истражувачи. Сепак, главниот фокус ќе биде на организирање на **меѓународна научна конференција** на која покрај учесниците во проектот би биле поканети колеги од блиските научни центри од Балканските средини, но и неколкумина експерти од поголеми европски академски средини, за учество на конференцијата и/или одржување предавање. На конференцијата би биле презентирани резултатите на учесниците во научно-истражувачкиот проект, но таа истовремено ќе биде и можност за соработка, пренесување на знаењата и искуствата од другите академски средини, како и можност за дискусија и креативна дебата за прашањата кои проучувањето на траумата ќе ги отвори.

Проектот предвидува и **објавување на резултатите** од научно-истражувачките напори во два научни труда на истражувачкиот тим, кои ќе бидат објавени во релевантни научни списанија со меѓународен одбор, списанија евидентирани во меѓународни дата бази или списанија со импакт фактор. На крајот на проектот се предвидува конечните трудови на сите 24 истражувачи (21 истражувач плус 3 млади истражувачи) да бидат објавени во тематски зборник, кој ќе ги презентира финалните научни сознанија за темата на траумата во македонската книжевност пред меѓународната академска јавност.

Сумирано можеме да ја идентификуваме **главната хипотеза** на проектот како проследување на концептот на траумата во македонската литература од различни историски периоди. Претпоставките се дека секое истражување, користејќи ги моделите на книжевната теорија и сродните дисциплини важни за односниот период од медијевалистика и фолклористика, преку историја и психоанализа, па сѐ до филмски, театарски и културолошки студии, ќе создадат релевантни интердисциплинарни проучувања на овој актуелен академски предизвик.